Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/19), општина Радовиш, на ден ____.01.2025 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ ДУП – дел од УБ 8 и УБ 9, со намена А1, А2, Б1, Б4, Г3, Д1, Д2, Е1, Е2, во КО Радовиш, КО Радовиш вгр, општина Радовиш, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Радовиш, www.radovis.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП – дел од УБ 8 и УБ 9, со намена намена А1, А2, Б1, Б4, Г3, Д1, Д2, Е1, Е2, во КО Радовиш, КО Радовиш вгр, општина Радовиш, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока уреденост на просторот. Се иницираат градежни активности за реализација на градби во рамките на градежните парцели, со чија реализација и уредување на парцелите се придонесува на квалитетот на уреденост на градот. Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со класа на намена: А1–домување во куќи, А2– домување во згради, Б1 – мали единици за комерцијални и деловни единици, Б4-деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги, Д1-парковско и пејсажно зеленило, Д2-заштитно и сообраќајно зеленило, Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури, Е2-згради и комплекси на инфраструктурни системи. Сите слободни површини од парцелите хортикултурно да се уредат со зеленило. Со разработка на блокот се врши подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-123/2
Датум: 24.01.2025 г.
Место: Општина Радовиш

Име и презиме
Градоначалник
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК“ ОПШТИНА РАДОВИШ